# 287. КОЈ ТИ ГИ ДАДЕ БРЕ ТИЕ ЦРНИ ОЧИ




Кој ти ги даде бре тие црни очи,
дајми ги прва севдо на мене.

Кој ти го даде бре тоа бело лице,
дај ми го прва на мене.

Кој ти ја даде лудо таја рамна снага,
дајми ја прва севдо за мене.

Тие црни очи, лудо, мајка ми ги даде,
тргни се лудо младо севда голема.

Тоа бело лице, лудо мајка ми го даде,
тргни се лудо младо севда голема.

Таја рамна снага лудо мајка ми ја даде,
земи ја лудо таја севда голема.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995